Друштво за производство, транспорт, угостителство, трговија и услуги „ТАСИМ-компани" дооел увоз-извоз Бр. 8/19 14.11.2019 год. Оризари, општина Оризари

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ Бр. 05-1619/19 14.11.2019 год. КОЧАНИ

# ДОГОВОР

Склучен на ден 14.11.2019 год. помеѓу следните договорни страни:

1. **Општина Кочани,** со седиште на ул. „Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев, (во понатамошниот текст: Договорен орган) и

2. **Трговско друштво за производство, трговија и услуги ТАСИМ-КОМПАНИЈА ДООЕЛ с.Оризари, Кочани,** со ЕМБС 6576192 и ЕДБ 4013010505053, со седиште на ул.“Христијан Карпош“ бб, Оризари, Кочани, жиро с-ка 530000101271086 – Охридска банка АД Скопје, застапувано од управителот Гоце Тодев, (во понатамошниот текст: Носител на набавката).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој договор е **Организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари“ – м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“ – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“ – „Лесна индустрија“ со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник.**

Предметот на набавката од ставот 1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација, а по Одлука за јавна набавка од 02.10.2019 донесена врз основа на Одлуката за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија донесена од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.7/19 и бр.9/19), а во согласност со Одлуката за уредување на линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.8/05, бр.3/10, бр.13/17, бр.2/18 и бр.4/19) донесени од Советот на Општина Кочани и Одлуката за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/19), за спроведување на постапка со Поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас бр.07108/2019 на ЕСЈН, во Службен весник на СРМ бр.205/2019, во дневните весници „Нова Македонија“ и „Вечер“, на огласна табла на Општина Кочани и на веб страната на Општина Кочани, која постапка се спроведува со користење со електронски средства преку ЕСЈН со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Овој договор се склучува врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-1619/11 од 30.10.2019 година и Решение за распределба и доделување на линија за вршење на општински линиски превоз бр. 05-1619/13 од 30.10.2019 година.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка вкупната договорена вредност што може да се плати во текот на 2 /две/ години, за извршувањето на услугите, предмет на овој договор, изнесува **1.619.047,60 ден. без ДДВ, односно 1.700.000,00 ден. со вклучен ДДВ (5%).**

Средствата од ставот 1 на овој член ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кочани за буџетски години 2019-2021 година, програма Ј5, ставка 421.

Единичната цена на билет по патник за едно возење согласно првична/конечна понуда изнесува 19,05 ден без ДДВ, односно 20,00 ден со ДДВ 5%.

**Услови за промена/корекција на понудената единична цена за билет по патник**

**Член 3**

По исклучок од ставот 3 на членот 2 од овој Договор, при реализација на договорот во текот на неговото времетраење, се дозволува промена/корекции на понудената единечна цена за билет по патник за превоз на наведената релација во смисла на намалување или зголемување на истата, **под услов** доколку највисоката малопродажна цена на Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) утврдена со Одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт Бр.02-2384/1 од 24.06.2019 година донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се зголеми или намали со одлука на регулаторната комисија и тоа **под следните услови**:

| Ред. бр. | Доколку утврдената највисока малопродажна цена од 60,50 денари/литар за Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) **се зголеми во висина**: | Доколку утврдената највисока малопродажна цена од 60,50 денари/литар за Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) **се намали во висина:** |
|---|---|---|
| 1. | до 15%, односно до 69,58 денари/литар понудената единична цена за билет за превоз по патник не се зголемува; | до 15%, односно до 51,43 денари/литар понудената единична цена за билет за превоз по патник не се намалува; |
| 2. | од 16% до 25%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се зголеми за 25% (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се зголеми на 25 денари по патник); | од 16% до 25%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се намали за 25% (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се намали на 15 денари по патник); |
| 3. | од 26% до 50%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се зголеми за 50% (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се зголеми на 30 денари по патник); | од 26% до 50%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се намали за 50% (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се намали на 10 денари по патник); |

Доколку при реализација на договорот во текот на неговото времетраење дојде до промена (зголемување или намалување) на единичната цена на билет по патник согласно наведениот исклучок од ставот 1 на овој член, распределбата на учеството на Општина Кочани во цената на билетот по патник за превоз на наведената линија, ќе се врши според следните посебни услови:

**- кога при распределба на учеството на Општината со 50% на новата променета цена за билет по патник како резултат се добие цел број** *(например понудената цена од 20 денари се зголеми за 50% односно на 30 денари - 50% = 15)*, **Општина Кочани ќе учествува во наплата на цената за билет по патник со 50%** *(например 15 денари)*, **а останатите 50%** *(например 15 денари)* **ги плаќа патникот;**

**- кога при распределба на учеството на Општината од 50% на новата променета цена за билет по патник како резултат не може да се добие цел број** *(например понудената цена од 20 денари се зголеми за 25% односно на 25 денари-50%=12,5)*, **Општина Кочани ќе учествува во наплата на цената по патник со 40%** *(например 10 денари)*, **а останатите 60%** *(например 15 денари)* **ќе ги плаќа патникот.**

Корекција на цените ќе се изврши на барање на која било од договорните страни.

Како релевантен доказ за промена на понудената цена за билет по патник за превоз на наведената линија, ќе се користи Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, објавена во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 4**

Согласно Одлуката за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија бр.09-1511/1 од 11.07.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани" бр.7/2019) и Одлуката за изменување на Одлуката за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија бр.09-1954/1 од 26.09.2019 година, Општина Кочани ќе учествува со 50 % во цената на билетот за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8: с.Оризари" – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија", а останатите 50% од цената на билетот на превозникот ќе му бидат платени од патникот со купување на билет за превоз на наведената релација.

Плаќањето по овој Договор ќе се врши за извршени услуги на месечно ниво со доставување на фактура и месечен извештај со прилог фискални сметки (Дневен извештај од издадени дневни фискални сметки за секој ден од одржаниот превоз) за вкупниот број на превезени патници по понудената единична цена на билет по патник од 19,05 ден без ДДВ, односно 20,00 ден со ДДВ 5% во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на фактурата со придружните документи доставени во архивата на Договорниот орган.

По исклучок од ставот 2 на овој член во случај кога ќе настанат услови за промена/корекции на понудената единечна цена за билет по патник за превоз на наведената релација во смисла на намалување или зголемување на истата на начин утврден во членот 3 од овој Договор, плаќањето ќе се врши согласно променетата единична цена за билет по патник за превоз на наведената релација по претходно барање за корекција на цената поднесено од било кога од договорните страни на овој договор во согласност на начин и во согласност со утврдените услови во членот 3 од овој договор.

Договорниот орган нема обврска да ја реализира вкупната вредност на овој договор.

**Начин на вршење на услугите**

**Член 5**

Општинскиот линиски превоз на патници на наведената линија Носителот на набавката ќе ја врши со најмалку 4 (четири) поаѓања дневно, согласно одобрениот и регистриран возен ред од Градоначалникот на Општина Кочани.

Општинскиот линиски превоз на патници на наведената линија Носителот на набавката ќе ја врши од понеделник до сабота, без недела и државни празници.

Општинскиот линиски превоз на патници на наведената линија Носителот на набавката ќе ја врши на траса определена според следните автобуски стојалишта: Продавница „Јонче" с.Оризари, Бараки „Селиште"с.Оризари, Православен храм „Св. Атанасиј" с.Оризари, ул.„Гоце Делчев"–пешачки мост с.Оризари, ул.„Гоце Делчев" – мост „Витоша" с.Оризари, ул.„Гоце Делчев" – пешачки мост, Православен храм „Св.Атанасиј" с.Оризари, раскрсница на ул.„Гоце Делчев" и ул.„Христијан Карпош", спој на ул.„Тодосија Паунов" и ул. „Никола Карев", СОУ „Гошо Викентиев", Печатница, Атомски згради, ул.Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Треска, Автобуска, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ.„Раде Кратовче", м.в.„Бавчалук", ОУ.„Раде Кратовче", Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура

„Бели мугри“, Стришани, Болница, спој на ул.„Бел камен со “ул.„Страшо Ербапче“, „Драчевиќ“, „Осоговка“, м.в. „Сиви дом“, х.„Национал“, конфекција.„Амор“, печатница „Европа 92“, плинска станица „Александрија“, „Ледер“, конфекција.„Амор“, х.„Национал“, м.в. Сиви дом, Осоговка, „Авто комерц“, „Грозд“, м.в.„Пераклија“, ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Кочани, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ„Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук“, ОУ„Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Автобуска, „Треска“, ул.Македонска 1, ул. Македонска 2, „Руен“, Атомски згради, Печатница, СОУ „Гошо Викентиев“, ул.„Тодосија Паунов“ (м.в.Дедово мало во с.Оризари).

Превозот ќе се врши согласно одредбите од Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15,37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18).

**Права и обврски на договорните страни**

**Член 6**

Договорниот орган е должен :

- да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор,
- да врши контрола на сообраќајот на автобусите и линијата преку овластениот инспектор за патен сообраќај на Општина Кочани,
- за извршените контроли општинскиот инспектор да води посебна евиденција.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен :

- да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата;
- во возилата со кои врши линиски превоз на патници на предната и бочната страна на видно место да истакне линијата, почетното и крајното стојалиште и време на поаѓање;
- да го истакне возниот ред на почетно-крајните свртувалишта, во возилото и на попатните стојалишта;
- да врши качување и излегување на патниците само на автобуските стојалишта согласно утврдениот и регистриран возен ред;
- да застанува само на автобуските стојалишта и свртувалишта со утврдениот и регистриран возен ред;
- за привремено запирање на линијата веднаш да го извести надлежниот општински орган и јавноста преку средствата за јавно информирање;
- да применува единствен систем за наплата преку продажба на билети во возилото;
- за користење на услугите за превоз, патникот должно во возилото да има билет за цело време на возење, а на барање на инспекторот за патен сообраќај, како и на контролорите од превозникот што го одржува превозот патникот задолжително да го даде билетот на увид;
- врз основа на расположливите места во возилото да ги смести патниците и нивниот личен багаж;
- да не качува или слегува патници и товара или истовара багаж од автобуски стојалишта кои не се одредени во возниот ред;
- при вршење на општинскиот линиски превоз на патници да се качуваат и симнуваат патници само на автобуските стојалишта утврдени во возниот ред;
- да отпочне со вршење на општински линиски превоз на патници на распределената линија во рок од 30 дена од склучениот договор помеѓу превозникот и Градоначалникот на Општина Кочани;
- во согласност со пропишаните законски прописи задолжително и редовно како што пропишува законската регулатива да врши редовна а по потреба ивонредна контрола на техничката исправност и функционирање на возилото со кое врши превоз на патници;

- да врши задолжително одржување на возилото, редовна регистрација, осигурување и технички преглед на возилото заради потврдување на исправноста на возилото со кое врши превоз на патници;
- да преземе мерки за заштита на патниците преку потпишување на полиса за осигурување на патниците од несреќа при јавен превоз;
- никогаш да не пристапува кон превоз на патници со неисправно возило, во спротивно ќе одговара за причинета штета, а Општина Кочани се иззема, не носи и не превзема било каква одговорност доколку таква штета настане;
- и одговорен возилото со кое врши превоз на патници да биде управувано од возач кој има соодветна дозвола за управување на ваков вид на возило за вршење на општински линиски превоз на патници;
- да не дозволи со возилото со кое се врши општински линиски превоз на патници да управува лице под дејство на алкохол или под дејство на други замајувачки супстанци или супстанции на некој начин влијаат на возачот при вршење на превоз во сообраќајот;
- да врши контрола на купување на билети од патниците,
- на овластените инспектори за патен сообраќај на општината да им овозможи вршење на инспекциски надзор, да им дава потребни известувања и да им ја остави на увид потребната техничка и друга документација;
- за користење на автобуски стојалишта и свртлишта на подрачјето на оштина Кочани, превозникот кои што добил дозвола од Градоначалникот да плати надоместок според утврден ценовник донесен од Советот на Општина Кочани.
- услугите предмет на овој договор да ги врши професионално, стручно, квалитетно и навремено, според важечките прописи и норми во Република Северна Македонија, Законот за превоз во патниот сообраќај и согласно стандардите, прописи и европските директиви за вршење на ваков вид на услуги.

**Виша сила**

**Член 8**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**Престанување на важноста на договорот**

**Член 9**

Времетраењето на овој Договор престанува со изминувањето на периодот за кој е склучен.
Времетраењето на овој Договор може да престане и пред изминување на периодот за кој е склучен поради следните причини:
- поради раскинување на договорот,
- поради исцрпување на финансиската вредност на договорот,
- поради виша сила.

**Услови за прекинување или раскинување на договорот**

**Член 10**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 11**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 8 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 12**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 13**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 14**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 15**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време

**Времетраење на договорот**

**Член 16**

Времетраење на важноста на овој договор изнесува 2 (две) години, сметано од денот на склучување.

**Гаранција за квалитетно извршување на договорот**

**Член 17**

Носителот на набавката на Договорниот орган му достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот, бр.1272/2019 од 13.11.2019 год. издадена од Охридска Банка АД Скопје, на износ од **85.000,00 ден.**, со важност до 30.11.2021 год. и е доставена во еден оригинален примерок. Со гаранцијата се гарантира дека Носителот на набавката се обврзува навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши услугите кои се предмет на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не ги исполнува обврските од договорот за јавна набавка.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

**Завршни одредби**

**Член 18**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 19**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 20**

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски и подзаконски прописи кои ја регулираат оваа материја во Република Северна Македонија.

**Член 21**

Сите евентуалн испорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе го решава Основен суд Кочани.

**Член 22**

Овој Договор е составен во 6 еднообразни примероци, од кои 2 за носителот на набавката, а 4 за договорниот орган, а стапува во сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| **за Носителот на набавката** | **за Договорен орган** |
| **Тасим-Компанија ДООЕЛ, с.Оризари Кочани** | **Општина Кочани** |
| **Управител,** | **Градоначалник,** |
| **( Гоце Тодев )** | **( Николчо Илијев )** |

Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова
Контролирал:Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи - Анна Кралева